Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1968 5 JULY 2024 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

## ДАЛИ НА АВСТРАЛИЈА И ТРЕБААТ НУКЛЕАРНИ ЦЕНТРАЛИ?

## ВРАБОТЕНИ НА АЕРОДРОМОТ ВО МЕЛБУРН ОБВИНЕТИ ЗА ВРСКИ СО ШВЕРЦЕРИ НА ДРОГА



# МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ НЕ САКА АЛБАНСКО ЗНАМЕ ВО ВЛАДА - ИЛИ ЌЕ ИЗЛЕЗЕ ОД НЕА



## КАКО НА ПОПИСОТ ВО АЛБАНИЈА ИЗЛЕГОА ПОВЕЌЕ БУГАРИ ОТКОЛКУ ВО МАКЕДОНИЈА!?

## ВЛАДАТА ЈА ВРАТИ ОГРАДАТА, А ИМЕТО КОГА?



# Македонското знаме повторно се вее на Кораб





Откако минатиот викенд дрско беше симнато македонското државно знаме од врвот Голем Кораб од страна на албански планинари предводени од извесен Изет Шуљку од Пешкопеја и заменето со албанско, македонски планинари се искачија на врвот и го вратија македонскиот државен симбол.

Врвот Голем Кораб на планината Кораб се наоѓа на 2.764 метри надморска височина и е во рамки на Националниот парк Маврово, додека корабскиот планински масив е во двете соседни земји Македонија и Албанија.

**Голем Кораб е четврти по височина врв на Балканот, зад Мусала (2.925) на Рила, Олимп (2.917) на Митикас и Вихрен (2.915) на Пирин**

- Македонија секогаш имала храбри синови, стои во објавата на Инстаграм покрај видеото од враќањето на македонското знаме на Кораб што беше поздравено од корисниците на оваа социјална мрежа.

Албанските „планинари“ пред да го симнат знамето снимиле и како ја одлепуваат кириличната налепница на обележјето на врвот Голем Кораб. Симнувајќи го македонскот знаме Шуљку во видеото што го објавил се слуша како вели: „Кораб е на Албанија и тука нема место за македонско знаме“. Немаше покажано палење или друго сквернавење на македонското знаме.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

# Незгодни прашања за министерот Љутков во Мала Преспа: Дали сега „Македонско културно лето“ е за Бугарите во Албанија!?



Министерот за култура и туризам Зоран Љутков како почесен гостин го отвори 19. издание на фестивалот „Македонско културно лето“ во с. Глобочени, Општина Пустец (Албанија), традиционално во организација на Здружението „Сонце“. Но беше дочекан со незгодни прашања од албанските новинари во врска со пописот во Република Албанија при што драстично е намален бројот на припадниците на македонското малцинство на сметка на новопојавеното бугарското малцинство.

Албанските новинари го запрашаа Љутков дали е ова активност за оние што се декларирале како Бугари во Мала Преспа и за оние кои се во процес на вадење на бугарски пасош од тој крај, на што тој одговори:

– Сите овде секогаш биле информирани дека тоа се денови на македонската култура во Преспа, Албанија. А културата ги обединува луѓето, Македонците, Албанците итн. Исто така, Пописот што се одржа во нашата земја во 2021 година даде појасна слика за етничкиот состав кај нас. Индивидуално право на секој граѓанин е да се изразува како што мисли и на крајот ќе оставиме државните институции да го кажат последниот збор – изјавил Љутков, според албанските медиуми.

Според неодамна објавените резултати од последниот попис бројот на попишани Бугари во Албанија изнесува 7.957, додека бројот на Македонци е 2.281.

# Македонија на петто место по одлив на мозоци, губи на таленти и на БДП



Речиси 40 проценти од високообразовниот кадар ја има напуштено државата, а според Индексот на одлив на мозоци (ИОМ), Македонија е на високото петто место, од вкупно 41 европска земја, што јасно покажува дека државата се соочува со голема загуба на таленти, покажува ревизорскиот извештај за „Ефикасност на мерките за спречување на одливот на високообразовани и стручни кадри“.

Во период од 2013 до 2021 година просечно емигрираат по околу 2.500 високообразовани кадри, за кои државата просечно годишно инвестирала околу пет милијарди денари (над A$135 милиони). Одливот на високообразовни кадри, според ДЗР има сериозен ефект врз Бруто домашниот производ (БДП) - или 0,8% од БДП на годишно ниво.

– Сепак, вкупниот ефект на опортунитетниот трошок, вклучувајќи го изгубениот БДП кој не е генериран заради емиграцијата, се проценува на 5,15% од БДП на годишно ниво. Доколку се додаде реално изгубената инвестиција во образование за овие кадри, што во просек изнесува 3,19% од БДП годишно, вкупниот негативен економски ефект рефлектира вкупна загуба од 8,34% од БДП на годишно ниво, се наведува во ревизорскиот извештај.










# УЧЕСНИЦИТЕ НА ВАРДАРСКАТА РЕГАТА ДОПЛОВИЈА ДО СОЛУН

Учесниците на Вардарската регата годинава првпат по реката Вардар пловеја до Солун. Тие тргнаа на 20 јуни, а завршија во Солун на 24 јуни. Од 388 км годинава за првпат пловеа 280, од кои 80 се во Грција. Велат дека впечатоците се како да пловеле по две различни реки, една низ Македонија, другата низ Грција.

- Тргнавме девет пловила, стасавме до целта пет, или 24 лица, останатите немаа важечки пасоши. Пловевме, веславме по високи температури и по 50 степени на сонце и жега, требаше да се весла, благодарност за хидроцентралите кои ни беа ветер во грб и овозможија добар водостој на Вардар. Границата ја минавме со автобус и веднаш потоа пак продолживме со чамците до Солун. Тоа што за нас беше несфатливо и што не можевме да веруваме, е реката Вардар. Една беше низ Македонија, друга низ Грција. По Евзони не сретнавме ниту пластично шише, ниту отпад како што сега носи реката по дождовите. Реката низ Грција е максимално еколошки заштитена, немаше отпадна, индустриска вода насочена во неа. Сепарации какви што гледаме кај нас таму не постојат, таму е друга технологија, која не го менува текот на реката, не ја уништува. Влеговме во делтата на реката Вардар, каде што е птичји резерват, сега им било време на размножување на птиците, што ни создаде проблем да не ја нарушиме природната рамнотежа и догодина ќе мораме поради тоа да го менуваме терминот на пловење. На крајот стигнавме до црвата „Св. Никола" каде што, според пишаните документи, гемиите од Велес стигнувале до Егејот и тука бил претоварен центар за стоката да се носи натаму со бродови и продава по Европа, кажа за порталот „СДК.мк"Ангелче Гушев, организатор на 24. Вардарска регата.

Грчките извидници од Солун им дале максимална подршка: од сместување, храна, вода, освежителни пијалоци.

- Осум месеци со солунските извидници договаравме детали. Нѐ сместија во нивната база, со што ни направија голема чест и подадоа рака за големо пријателство. Им благодариме за сѐ што сторија за нас, додаде Гушев.

# Вработени на аеродромот во Мелбурн обвинети за врски со шверцери на дрога





Десетици членови на персоналот на аеродромот во Мелбурн се обвинети дека работеле за организирани криминални групи кои шверцуваат дрога во Австралија.

Истрагата на полицијата насочена кон соработници на криминалци во синџирите на снабдување на аеродромот откри дека 70 вработени на аеродромот во Мелбурн ги прекршиле безбедносните проверки во изминатите 12 месеци, а некои се осомничени за криминални активности.

Граничните сили соопштија дека екипаж на неименувана авиокомпанија бил вклучен во дистрибуција на дрога, додека членовите на екипажот на друга авиокомпанија шверцувале цигари и тутунски производи во куфери со двојно дно, за да се избегне плаќање царина.

**ПОВЛЕЧЕНИ ГУМЕНИТЕ БОНБОНИ ОД ПЕЧУРКИ:**

# Предизвикуваат халуцинации, поспаност и губење на свеста




Австралија повлече два вида гумени бонбони од печурки откако неколку лица беа хоспитализирани со халуцинации и повраќање.

Станува збор за бонбоните Cordyceps и Lion's Mane на познатиот бренд „Uncle Frog".

Властите ги предупредуваат граѓаните дека овие бонбони не треба да ги користат бидејќи некои од потрошувачите кои ги користеле „доживеале неочекувана токсичност". Меѓу симптомите се и напади, анксиозност, поспаност или губење на свеста и забрзано чукање на срцето.

Властите истражуваат што точно во овие производи ги предизвикало овие непријатни симптоми.

Владата објави дека неодамна тинејџер бил пронајден во несвест откако проголтал неколку бонбони. Нему му е дадена терапија и сега состојбата му се подобрува.

– Во тек се истраги за тоа што содржат овие производи. Силно препорачуваме луѓето да не ги консумираат – изјави медицинскиот директор на Информативниот центар на Нов Јужен Велс, д-р Дарен Робертс.

Веб-страницата на „Uncle Frog", која е привремено затворена, претходно нудеше „специјално формулирани" гуми за цвакање дизајнирани за „подобрување на целокупната благосостојба".



# Дали на Австралија и требаат нуклеарни централи?



Министерката за заштита на животна средина и вода, **Танија Плиберсек** го критикуваше лидерот на опозицијата **Питер Датон** бидејќи не ги открива „трошоците" на нуклеарниот план на Коалицијата. Гласноговорникот на опозицијата за енергија **Тед О'Брајан** говореше за развојот на коалицискиот нуклеарен енергетски план, откривајќи дека во секоја од седумте потенцијални локации можат да се изградат неколку реактори. Но **О'Брајан** во неделата призна Коалицијата на избори би излегла без детална проценка на производниот капацитет на седумте нуклеарни електрани кои би биле во сопственост на Комонвелтот, и со кои опозицијата има намера да ја поврзе електричната мрежа во пет држави меѓу 2035 и 2050 година.

*„За да ги намалиме цените, ни требаат електрани кои можат да соберат неколку реактори, една од лекциите која ја научивме од прекуокеанските земји"* - рече **О'Брајан**.

*„Можеме да кажеме дека се работи за мали модуларни реактори, а кога говориме за нуклеарни електрани, зборуваме за модуларизирани оддели. Можете да додадете 300 mw, а потоа уште 300 mw. Говориме за електрани со повеќе реактори".*

Додека користењето на повеќе од еден реактор по електрана би значело зголемување на произведената електрична енергија, тоа воедно би го зголемило и трошокот кој би морале да го сносат даночните обврзници, а би го зајакнало и онака високиот притисок поврзан со роковите за реакторите да бидат во употреба до средината на овој век.

На прашањето колку гигавати произведена електрична енергија можеме да очекуваме од нуклеарниот предлог на Коалицијата, **О'Брајан** рече одлука дефинитивно ќе биде донесена откако *„независното тело за координација на нуклеарната енергија"* ќе донесе препораки за бројот и видот на реактори по електрана. *„Независното тело ќе ја прегледа секоја електрана и ќе донесе препораки за видот на технологија која треба да се користи во нив. Тогаш ќе можеме да кажеме колкав капацитет ќе биде возможен врз основа на одредена технологија. Единствено така можеме да достигнеме одреден број гигавати"* - рече тој.

Институтот *Гратан* проценува дека заедничкиот капацитет на седумте реактори со сила до 10 GW односно помалку од 4 отсто од вкупниот производствен капацитет на националниот пазар за енергија до 2050 година би можел да изнесува 300 GW. Енергетската политика секако ќе биде место за борба на следните избори, **О'Брајан** изјави дека Коалицијата во догледно време ќе го подели уделот на вкупно произведената енергија на националниот пазар на енергија наместо специфични количини на произведена енергија. *„Се додека не ја донесеме политиката за обновливи извори и природниот гас, нема да зборувам за уделот меѓу енергетските извори. Јасно ќе објавиме колку мислиме дека ќе биде потенцијалниот капацитет до 2050 година"* - рече тој.

**О'Брајан**, исто така, одби да открие со колкав удел на енергијата во мрежата ќе допринесат обновливите извори на енергија, потег што веројатно ќе внесе загриженост меѓу компаниите и инвеститорите поради неизвесноста која ја носи енергетскиот план на Коалицијата. *„Јас сум либерал и почитувам тоа што инвеститорите сакаат да заработат пари, но навистина мораме да се насочиме на тоа што ќе им заштеди пари на граѓаните на Австралија"* - рече тој.

Иако од нуклеарната енергија се очекува релативно мал производствен капацитет, лидерот на Националната партија **Дејвид Литлпрауд**, кој претходно рече дека во рамки на нуклеарниот план треба да се ограничи вложувањето во обновливи извори на енергија, продолжи да укажува на тоа дека нуклеарниот план би бил гаранција за непредвидливоста на соларната енергија и ветерниците.

*„Математиката е многу едноставна, неможе постојано да имате доволно сигурна обновлива енергија во системот"* - рече **Литлпрауд**, тврдејќи дека ќе има и помалку далноводи. Но **О'Брајан** потврди дека „не се зборувало за ограничување на инвестициите". *„Мораме да продолжиме да вложуваме и во обновливите извори на енергија"* - рече тој. Иако до сега нема проценка на трошоците на коалицискиот нуклеарен план, **Литлпрауд** ја откри проценката за изградбата која би можела да чини „некаде во близина на $8.6 милијарди" по реактор како што претходно предвиди *CSIRO*. Анализата која ја објави Советот за енергија покажува дека трошокот кој за даночните обврзници би настанал во рамки на ветувањето на Коалицијата за изградба на седум нуклеарни реактори би изнесувал најмалку $116 милијарди а би можел да порасне и до $600 милијарди. Во оваа бројка не е вклучено агресивното воведување на обновливите извори на енергија кое и понатаму се предвидува како дел од планот на коалицијата. Во меѓувреме, трошоците кои операторот за електрична енергија ги предвидува во однос на вкупните трошоци за финансирање на инфраструктурата за производство, зацврстување и пренос, во согласност со планот на Лабуристичката партија, изнесуваат $121 милијарда. Лидерот на Националната партија исто така посочи дека владата делумно ќе учествува во одредувањето на цената на електричната енергија, велејќи дека сопственоста над нуклеарните централи ќе помогне да се „намалат трошоците" на потрошувачките сметки *„Онаму каде владата има контрола, имаме поголема можност да реагираме"* - рече Литлпрауд. **О'Брајан** најави дека и енергетската политика на Коалицијата ќе вклучува „реформи на пазарот", но не говореше за деталите.

Во неделата изјава даде и пратеничката од редовите на владејачката Лабуристичката партија, **Тања Плиберсек**, критикувајќи го притисокот на опозицијата да се воведе нуклеарна енергија, при што потенцираше дека Коалицијата не дава детали за проценките на трошоците кои ќе се јават во рамки на додавање на нуклеарните електрани на домашниот пазар во најголемата реформа на енергетската политика во последните неколку децении.

*„Тој на Австралијците сака да им каже: не ви верувам. Не ви верувам доволно за со вас да ги споделам проценките на трошоците"* - рече **Плиберсек**. „Во сите меѓународни анализи, обновливата енергија е поевтина, а нуклеарната е најскапата на долга патека. Што ќе мораме да направиме за да ја платиме сметка за електричната енергија, ако владата воведе трошоци за изградба и управување со нуклеарни реактори?"

На прашањето зошто *Австралија* ја избегнува нуклеарна енергија кога многу други напредни економии се свртуваат кон неа, **Плиберсек** укажа дека *Австралија* има предност во производството на обновлива енергија. *„Имаме простор, ресурси, важни минерали кои се потребни за производство на батерии и вложуваме во зелен водород. Можеме да бидеме енергетска суперсила во областа на обновливите енергии, а наместо тоа Питер Датон сака да стисне кочница наместо да го поведе светот кон вложување во обновливи извори на енергија. Наместо тоа тој сака да ја забрза изградбата на нуклеарни електрани и да го забави нашиот развој кога станува збор за обновливите извори на енергија"* - рече **Плиберсек**.



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Напад со нож на Универзитетот во Сиднеј, уапсен тинејџер



Четиринаесетгодишно момче е уапсено по напад со нож минатиов вторник на Универзитетот во *Сиднеј*, соопшти полицијата на *НЈВ*. По нападот, универзитетските згради беа затворени. Екипите за итни случаи пренесоа 22-годишно момче во болница *Royal Prince Alfred* во сериозна, но стабилна состојба, соопштија властите на *Нов Јужен Велс*. Помошникот на полицискиот комесар за борба против тероризмот во *НЈВ*, **Марк Волтон**, на прес-конференција изјави дека мотивот или идеологијата на момчето сè уште не се утврдени, но изрази загриженост поради зголемениот број докази дека младите се радикализираат преку интернет. *„Тие прифаќаат насилни екстремистички идеологии и се свртуваат кон насилство. Напаѓачот ѝ е познат на полицијата и на државните агенции,* рече **Волтон**. Наводниот напаѓач се качил во автобусот по инцидентот и бил уапсен во близина на болницата, соопшти полицијата.

# Владата на Албанезе ја ублажи забраната за вејпинг по противењето на Зелените

*Австралија* ќе ја ублажи планираната забрана за вејпинг, откако партијата на Зелените побараа од владата на **Албанезе** да го промени законот со кој вејпингот ќе биде достапен само за луѓето со рецепт. Договорот меѓу владејачката централно-левичарска Лабуристичка партија и Зелените ќе ограничува продажбата на вејп само во аптеките и ќе се отстрани од малопродажните места, каде што беше подостапна за младите.



Предлог-законот не одговара на првичниот предлог на владата да се ограничи продажбата само на оние со лекарски рецепт, што би било прво такво ограничување во светот.

Изменетиот закон стапи на сила од 1 јули, а на оние кои се под 18 години ќе им треба рецепт.

Според компромисниот договор клиентите ќе мора да разговараат со фармацевт пред да купат. Министерот за здравство **Марк Батлер** во изјава рече дека владата *„го поздрави конструктивниот ангажман со вејпингот и обезбеди поддршка од Зелените за нашето водечко законодавство за «вејпинг» во светот*".

Во соопштението, Зелените рекоа дека се против сеопфатните забрани и исто така сакаат да ги отстранат финансиските бариери за оние кои сакаат да се откажат од пушењето, наведувајќи ги трошоците за посета на лекар за рецепт.

*Австралија* има некои од најстрогите закони против пушењето во светот, а на почетокот на оваа година го забрани увозот на одредени вејпови и го ограничи бројот на вкусови што може да се продаваат.

Околу 22 отсто од Австралијците на возраст од 18 до 24 години користеле електронска цигара или уред за испарување барем еднаш, покажаа бројките минатата година.

### НА АЕРОДРОМОТ НАСТАНАЛ ХАОС КОГА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ПОБАРАЛО ДА ГО ПРОВЕРИ БАГАЖОТ:

# Го носела своето срцето во пластична кеса



**Џесика Менинг** (30), која од *Нов Зеланд* се преселила во *Австралија*, раскажа како ја сопрело обезбедувањето на аеродромот затоа што во рачниот багаж го носела своето старо срце по двојна трансплантација. **Џесика** преживеала двојна трансплантација на срце и црн дроб пред осум години, откако имала компликации од раѓање. Родена е со шест срцеви мани и имала над 200 операции пред конечно да и е направена трансплантација.

Отпрвин го подарила срцето на науката, но по десет месеци и рекле оти повеќе не е потребно, и затоа одлучила да го чува во пластична кеса дома. Кога одлучила да се пресели во *Австралија*, го понела со себе и своето срце. Обезбедувањето видело дека носи орган во рачниот багаж, веднаш ја сопреле поради дополнителни проверки. **Џесика** рекла официјалните лица сакале да проверат да нема опасност по здравјето поврзана со внесување на срцето во земјата откако потврдиле дека нема никакви проблеми, ја пуштиле да го продолжи своето патување. Таа ја објасни средбата со обезбедувањето на аеродромот кога го виделе нејзиното срце во торба: „Тој не знаеше што да прави со тоа, па отиде да разговара со својот шеф, а тука почнаа моите солзи, бидејќи момчето беше колку што можеше љубезно и разбирам дека само беше внимателен.

„Неговото главно прашање беше дали јас [потенцијално] внесувам нова болест во земјата и тој не сакаше да донесам нешто што е опасност за *Австралија*.

*„Бев таму околу еден час, бидејќи сакав со себе да го земам и моето срце во Австралија. Се заврши како што треба и сега срцето е безбедно со мене*" - рече таа.




### ВЛАДАТА ОДЛУЧИ:

# Да се врати оградата и да се укинат економските директори во здравството



Владата на втората седница назначи нови раководители на пет државни институции: за в.д. директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ТИРЗ) е назначен Гоце Димовски, Александар Пандов (од Патриотскиот институт) ќе биде прв човек на Управата за извршување санкции, в.д. директор на Фондот за здравствено осигурување е Сашо Клековски (политички аналитичар, член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ), нов в.д. директор на „Национални шуми“ ќе биде Здравко Трајанов и в.д. директор на Агенцијата за храна и ветеринарство е Оливер Миланов.

Нов директор на Државни патишта ќе биде Коце Трајановски (на местото на Ејуп Рустеми), кој е поранешен градоначалник на Скопје и Општина Гази Баба.

Владата даде наредба да се врати оградата од ковано железо околу објектот на „Илинденска“ бр 2, што беше отстранета во 2019 година. Сегашната ограда (составена од монтажните метални огради на МВР) е оценета како нефункционална и нерепрезентативна. Мал проблем е тоа што оградата што беше симната била чувана во касарната „Илинден“ на отворено, па имала видливи оштетувања од временските влијанија, за што ќе се направи дополнителна проценка.

Владата исто така донесе одлука и за укинување на економските директори во јавните здравствени установи, односно ќе се укине постоењето на две управувачки позиции – организациски и медицински директор кои досега беа присутни во здравствените домови со над 1.000 вработени, универзитетските клинички центри, универзитетските клиники, клиничките болници и институтите.

# ГРУЕВСКИ ГИ АНАЛИЗИРА ПРИЧИНИТЕ ЗА „ПОПИСНИОТ ИНЖЕНЕРИНГ“ ВО АЛБАНИЈА



*Сугурно е дека имало тајно договарање помеѓу Бугарија и Албанија во смисла „на ти го, дај ми го“*

Екс премиерот Никола Груевски даде своја анализа за лошиот попис во Албанија, според кој бројот на Македонци таму изнесува околу 2.281 лице (на претходните пописи биле над 5.000), ама се појави сосема ново малцинство какво што немало во ниеден попис од 1913 наваму - Бугари со дури 7.957 лица!?

Еве што раскажува Груевски:

„Информациите кои ги добив од Албанија кажуваат дека македонското население таму е вознемирено од резултатите од пописот и свесно е дека се нереални. За тоа има три причини:

1. Државата Албанија овозможи на бугарската влада вештачки создавање бугарско малцинство во Албанија на сметка на македонското, процес кој официјално започна во 2017 година со признавање на непостоечко бугарско малцинство во Албанија и продолжи на овој попис преку специјален пописен инженеринг со кој голем дел од македонското население се попишани како Бугари.

2. Пописот не е правен со пишување на хартија, туку со таблети и притоа попишаниот нема никаков увид или личен допир, туку попишувачите прашуваат и внесуваат податоци за сè, но во 95% од случаите само тие гледаат и знаат што внесуваат. Тие подароци најчесто попишаниот не може ни да види дали правилно се внесени, а на крајот на денот може и да се променат во некои сегменти доколку има потреба. Со оглед што во овие прилики нема потпис на потпишаниот, нема никаков доказ, кој што кажал дека се чувства.

3. Се смета дека свесно е направен пописен инженеринг во делот на вкупното население во државата, со цел да се прикаже помногубројно, заради влечење поголеми средства од ЕУ во многу проекти каде парите на земјите од регионот се делат според бројот на жители. Информациите велат дека бројката од околу 2.4 милиони жители не е реална, ако се спореди со бројот на лица кои според европската агенција за статистика Евростат годишно се иселуваат од Албанија во ЕУ, навраќајки се station наназад и споредувајќи и мерејќи со претходните пописи.

Според тие пресметки, реално бројот на жители во Албанија треба да е помеѓу 1.6 и 1.7 милиони жители.

Ваквиот пописен инженеринг, во кој предмет на изигрување се етничките Македонци кои живеат во Албанија, не може а да не е тивко договорен помеѓу двете влади со активно вклучување на дипломатијата и пред се тајните служби. Сосема логично е дека Албанија за ова би добила одредени концесии за возврат“ - пишува Никола Груевски на фејсбук.

## КАКО НА ПОПИСОТ ВО АЛБАНИЈА ИЗЛЕГОА ПОВЕЌЕ БУГАРИ ОТКОЛКУ ВО МАКЕДОНИЈА!?

Апсурдот со ланскиот попис во Албанија е максимален кога се знае дека на тамошните пописи, за период од 110 години наназад, немало ниту еден Бугарин, а сега наеднаш ги има повеќе (7.957), отколку во Република Македонија (3.504)!

Пред и за време на пописот македонските здружениja од Албанија тврдеа дека Бугарите делат мобилни, таблети, нудат пасоши, студии во Бугарија. Имаше информации дека се прават невидени злоупотреби и манипулации; дека јавно се продаваат потврди за некакво бугарско потекло на Македонците од страна на албански официјални лица по општините (тоа беше прикажано и на ТВ!); дека бугарската амбасада и нивни „активисти“ пратени од Софија директно ги поткупувале попишувачите коишто во пописните листи можеле да запишат што сакаат, со оглед дека пописот беше електронски; дека и од страна на попишувачите се уценувале носителите на бугарски пасоши, побарани од чисто економски причини, дека ќе им бидат одземени ако не се декларираат како Бугари; на социјалните мрежи беа објавувани копии од пописни листи, за да се покаже дека се има увид кој како се попишал...

Сега бројни аналитичари се обидуваат да објаснат што (ни) се случи во Албанија. Можеби ако официјално Скопје реагираше порано, Тирана ќе мораше барем да балансира меѓу нас и Софија, и немаше да ги игнорира Македонците. Немаше да дозволи Бугарите да прават таков и толкав `ршум во пописот.

Партијата Левица побара македонската влада да го оспори пописот во Албанија и да побара од Тирана нашето малцинство да добие ресипроцитетен третман, како албанското малцинство во Македонија.

Инаку, Бугарија изрази „голјааамо удоволствие“ поради бројот на луѓе кои во Албанија се изјасниле како Бугари. Ликувањето оди до таму што разни опскурни ликови од Бугарија се заканувааt дури со судско гонење на новинари од Македонија кои покажуваат репортажи од Пустец со изјави на мештани дека Бугари таму нема, ама се пишале од економски причини. А дека Македонија ги оставила на цедило...

Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

### ТУРИСТИЧКИОТ БРАН ЈА ПРЕПЛАВИ МАКЕДОНИЈА:

# НЕМА КАДЕ ДА СЕ СМЕСТАТ СТРАНЦИТЕ

Туристичките центри во Македонија ова лето се преполни со туристи. Трендот ќе се задржи до ноември за европските туристи и цела година за туристите од другите делови на светот, велат туристичките работници. Тие, сепак, посочуваат дека земјата мора да понуди нови автентични и оригинални програми и да го реши проблемот со недостиг од кадар во угостителството и во туризмот, инфраструктурата и начинот на работа на локалитетите и хотелите, ако сака да не загуби дел од странските туристи кои не само што сакаат да ги посетуваат природните убавини, туку сакаат и добро патување, сместување и добра услуга.

– Македонија е дел од пошироката балканска слика која е на врвот на интерес кај туристите од Европа и од Турција. Засега главно туристите се добро ситуирани пензионери од европските земји кои го поминале светот и сега се насочени кон балканските земји. Тоа се високоедуцирани туристи кои бараат високо ниво и на сервисни услуги и добра организација. Но радува фактот што веќе имаме и помлади генерации туристи на кои може да им се понудат повеќе опции за добар одмор. Се враќаат и туристите од Германија и од голем број европски земји што поволно влијае на нашиот туризам – вели Влатко Сулев, претседател на Националната агенција за дојдовен туризам (НАИТАМ).

Според него, моментално природните убавини, културните и историските споменици се главен интерес на туристите кои доаѓаат од Турција и од Шпанија, а покрај Скопје и Охрид на списокот за посета на странците се и Маврово со Националниот парк, Велес со винскиот пат, како и Крушево со својата нова понуда и Битола.

– Тие сакаат автентични доживувања, искреност и оригиналност. Сакаат свежа, убава и оригинална храна приготвена на традиционален начин, сакаат да ги посетат македонските винарници, да видат изворно како се произведува вино, како се произведува сирење, со еден збор сакаат уникатно туристичко искуство. Сето тоа може да биде основа за новите програми кои ќе им се нудат во иднина. Но, на тоа не можат да работат само приватните туристички работници, на тоа треба да работат и институциите за да може да се направи целосна слика – вели Сулев.

Земјава, според него, може да понуди уште многу повеќе почнувајќи од недопрените планини (ние имаме повеќе планини од Швајцарија), автентичноста и оригиналноста како култура и традиција, потоа земјоделството и неговото производство, како и прекрасните национални паркови.

Сега најдолго се задржуваат Шпанците по 10 дена, има и француски тури кои се задржуваат подолго, но тоа треба да биде практика и за другите туристи.

– Мора да се решат некои проблеми во организацијата на хотелите, но и на организацијата на локалитетите кои се посетуваат. Несфатливо е од Скопје до Охрид да се патува за 4 часа или да донесете туристи на одреден локалитет и таму да чекате со часови за да биде отворен за да им го покажете. Долгото чекање и на граничните премини е проблем за странците кои доаѓаат да поминат неколку дена во земјава. Сето ова мора да се промени за да одговориме на туристичкиот бран кој на овие простори ќе се зголемува и следната година кога се очекува да се достигнат бројките од 2019 година – вели Дончо Нацев од агенцијата „Арботравел".

Истиот став го има и Сулев кој додава дека хотелското сместување и недостигот на кадар е проблем кој му пречи на туризмот.

– Сега во хотели со 4 и 5 ѕвездички има сместување само во Скопје и во Охрид кои во овој период се исполнети. Мој колега вели дека не можел да ги смести туристите во скопските хотели, па морал да оди во Велес. Таква е моменталната состојба, а како ќе биде понатаму? Но, да се надмине проблемот, може да се работи и на извонредно сместување во рурални средини за што има интерес од туристите, а треба да има интерес и од жителите на овие средини. На тоа мора да се работи во следниот период. Сепак, многу важен, а можеби и главен елемент е кадарот и услугата што се нудат, односно сервисот на туризмот. Тоа мора да се реши што побрзо, ако сакаме да го задржиме интересот на странците за Македонија – вели Сулев.

Двајцата очекуваат голем број туристи да доаѓаат и преку аеродромот во Тирана, а добар повод за тоа е што интензивно се гради автопатот од Тирана кон Дебар што ќе овозможи многу поголеми автобуси со туристи да се движат кон Македонија, а турите кои се организираат сега и почнуваат од Црна Гора или од Албанија многу полесно ќе се реализираат.

И двајцата се на став дека е време институциите да се позанимаваат со горечките проблеми во туризмот главно инфраструктурата, бидејќи туризмот како сектор има голем потенцијал, и може многу повеќе да учествува во создавањето на БДП, но треба многу повеќе да се работи за тоа да се случи.

*(Плусинфо.мк)*

# Максим Димитриевски не сака албанско знаме во Влада, Касами му возврати



Првиот човек на Движењето ЗНАМ, Максим Димитриевски, најави излегување од Владата ако продолжи поставувањето на албанското знаме заедно со македонското и европското знаме. Димитриевски реагираше на поставувањето на албанското знаме на координативната средба на министрите од „Вреди" и го нарече ДУИ-стичко однесување. Категорично вели дека во иднина нема да дозволи такво однесување.

На ова одговори Билјал Касами од коалицијата „Вреди":

- Не е Димитриевски тој што треба да каже кога и како ќе се користи националното знаме на Албанците. Се надевам коалицискиот партнер, во случајов претседавачот на ЗНАМ, да излезе од предизборната реторика и да разбере дека сега сме дел од Владата и мора да работиме за граѓаните и да се справиме со обврските што сме ги земале во интерес на сите граѓани, без разлика на етничката припадност. Националното знаме е важен сегмент од овој идентитет и очекуваме дека и Максим Димитриевски ќе го почитува овој важен елемент од националниот идентитет на Албанците, вели Касами.

Од „Вреди" ги повикуваат и министрите од редовите на Движењето ЗНАМ да се приклучат на следниот координативен состанок, и да се уверат дека не се разговара за ништо друго освен за ефикасноста на спроведувањето на програмските задачи.




МИЦКОСКИ:

# Преспа е завршена работа, а договорот со Бугарија веќе еднаш е репреговаран



За Преспанскиот договор сум рекол повеќе пати, па ќе повторам, дека тој е дел од уставниот и правниот поредок на државата и дека новата македонска Влада ќе го почитува. Но Договорот за добрососедство со Бугарија веќе еднаш беше променет со додавањето на францускиот предлог и не гледам причина зошто повторно не може да се репреговара.

Ова го изјави премиерот Христијан Мицкоски како одговор на изјавите на амбасадорката Агелер која порача дека не е можно повторно преговорање ниту со Бугарија, ниту со Грција на патот на земјата кон ЕУ. Според Мицкоски нема ограничување на правата на Бугарите во Македонија, туку напротив - нарушени се правата на Македонците во Бугарија, за што доказ се 14-те пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Порача дека наместо политика со двојни стандарди потребен е реципроцитет во односите со Бугарија.

- Ако можел Договорот за добрососедство да биде репреговаран и на него да му се додаде таканаречениот француски предлог, не гледам причина зошто да не се додаде некој „француски предлог плус" или некој друг предлог што ќе ги опфати барањата кои ги има македонскиот народ и Македонците во Бугарија. Ако ја погледнете денес ситуацијата на пример или семафорот, да се изразам спортски, ќе видите резултат 14:0, односно имате 14 пресуди за македонската заедница во Бугарија, чии што права се или ограничени или нарушени и нула за бугарската зедница во Македонија, посочи премиерот.

За напредок на односите со Бугарија, Мицкоски побара официјална Софија да покаже добра волја а не политики од средниот век.

Македонско бугарските односи се на најниската линија во последните неколку години.

## Евроамбасадорот Гир: Не може преотворање на преговарачката рамка

На ист став со американската амбасадорка е и евроамбасадорот во Македонија, Дејвид Гир, кој кратко по изјавата на Мицкоски порача дека преговарачката рамка сепак, не може да се менува.

- Мислам дека отсекогаш сум бил јасен за ова. Овој договор што беше постигнат во јули 2022 година резултираше со отворање на пристапните преговори и скрининг процесот. Не гледам можност за промена на преговарачката рамка, а тој став е непроменет по изборите, порача Гир по средбата со новиот министер за европски интеграции, Орхан Муртезани.

- Доброто е што никој нема дилеми за зачленувањето на земјата во ЕУ и евроатлантскиот пат. Тоа што го забавува е Протоколот којшто извира од Преговарачката рамка. Секако дека во блиски преговори и разговори со ЕУ и со Владата ќе видиме кое е најдоброто решение, без притоа да создаваме проблеми на патот на евроинтеграциите, кажа Муртезани.

Инаку Муртезани на своето прво официјално појавување како министер направи и лапсус именувајќи го евроамбасадорот Дејвид Гир како Ричард Гир (холивидскиот актер), на што евроамбасадорот возврати дека на тоа гледа како на комплимент.

# Самарас и Караманлис го повикаа Мицотакис да ја повлече Грција од „национално опасниот Договор од Преспа"



Го повикувам премиерот веднаш да ја промени надворешната политика. Да стави вето за Албанија. Да подготви, преку создавање на силна правна и политичка група на експерти, повлекување од национално опасниот Договор од Преспа. Да стави, како Бугарија, вето на секој чекор на Скопје, чиј иредентизам мораме сега и насекаде да го пријавиме. Целосно да се ревидира пријателството со Турција, со што во пракса ќе стане јасно дека не може да не уценуваат, да ни се закануваат, не се плашиме, истакна деновиве поранешниот грчки премиер Андонис Самарас на промоција на книга за поранешниот грчки премиер Костас Караманлис.

Поранешниот грчки премиер Самарас од редовите на Нова демократија, упати остри критики до неговиот сопартиец и актуелен премиер Кирјакос Мицотакис за низа теми во земјата, почнувајќи од изгласаниот закон за истополовите бракови, па сè до т.н. национални прашања, за кои рече дека Грција постојано е на мета на навреди и понижувања, „од Скопјаните, Албанците и секако 'пријателите' Турците".

- Некни скопската претседателка на државата Сиљановска јавно ја изрази иредентистичката догма: вели, се сретнала со претставници на деца-та-бегалци од Егејска Македонија и разговарала со нив за прославите за 75-годишнината од прогонот на Македонците од Егејот. Што друго треба да слушнеме за конечно да се разбудиме?, рече Самарас.

На прашањата од надворешната политика се осврна и поранешниот премиер Костас Караманлис и рече дека треба да се испрати јасна порака до Тирана и Скопје дека однесувања како тие на две земји кон Грција не може да се толерираат и повлекуваат последици, но и да се укаже дека патот кон Европа зависи од Грција.

На промоцијата на книгата „Доверливите досиеја на Караманлис" на новинарот Манолис Котакис, присутни биле пратеници од Нова демократија, министри од Владата, како и владиниот портпарол Павлос Маринакис, но не и актуелниот грчки премиер Кирјакос Мицотакис.

За настапите на Самарас и Караманлис владини извори за грчките медиуми кусо рекле дека „не коментираат изјави или говори на поранешни премиери".




# Дрво падна врз жена во центарот на Скопје, пренесена е в болница

Дрво падна врз жена на булеварот „Свети Климент Охридски" во Скопје пред Европскиот универзитет (спроти зградата театарот Комедија). Жената се движела по пешачката патека кога едно од дрвата од силниот ветар се скршило и паднало врз нејзе.





Жената на околу педесетина години не е во животозагрозувачка состојба, потврди д-р Драган Панов од Итната медицинска помош во Скопје. Била извлечена од минувачи и од медицинската екипа. Немала надворешни видливи повреди. Се пожалила на болки во 'рбетот и по телото, по што е однесена на опсервација на клиника. Рентген снимките ќе покажат дали има некаква фрактура.

Центарот за управување со кризи (ЦУК) соопшти дека од силниот ветер има паднати дрвја на неколку локации низ Скопје.

Веќе над една седмица секојдневно има силни невремиња во северниот и јужниот дел од државата, со поројни дождови и ветер над 70км/ч.

## ЉУБОВНАТА ПРИКАЗНА НА СТЕЛА АСАНЖ:

# Ги криела пелените од децата за ЦИА да не земе ДНК





*Стела и Џулијан шест години успевале да ја кријат својата врска од јавноста. Кога се дозна дека имале две деца додека тој престојуваше во Амбасадата на Еквадор, поголемиот син Габриел имал речиси три години, а помалиот Макс - една година*

Откако **Џулијан Асанж** конечно пристигна во родната *Австралија*, на аеродромот го пречека неговата сопруга **Стела**. Приказната за **Стела Асанж** е како шпионско-романтичен филм. Се омажила за затвореник, двапати забременила под нивниот шатор во Амбасадата и ги криела пелените на своите деца затоа што, како што вели – ЦИА сакала да дојде до ДНК од нив.

**Џулијан Асанж** сега во *Австралија* е слободен од затворот во Лондон, откако се договори со американските власти да се изјасни за виновен за прекршување на Законот за шпионажа на *САД*, во замена за сите други обвиненија против него да бидат отфрлени и тој да биде на слобода. **Асанж**, кого Американците со години го бараа под обвинение за шпионажа, претходно беше во егзил во Амбасадата на *Еквадор* во *Лондон*, а потоа помина пет години во строго обезбедуваниот затвор *„Белмарш"* во британската престолнина.

**Стела** ја запознала љубовта на својот живот, но не кажала никому за тоа. Потоа имала и деца со него, но не можела ниту за тоа да каже никому, дури ни на најблиските пријатели – кој е нивниот татко, бидејќи тоа може да го загрози целото семејство. И тогаш конечно му открила сѐ на светот – само за да ја спречи неговата екстрадиција од *Лондон* во САД каде што на **Асанж** му се закануваше затворска казна до 175 години. **Стела** и **Џулијан** шест години успевале да ја кријат својата врска од јавноста. Кога се дозна дека имале две деца додека тој престојуваше во Амбасадата на *Еквадор*, поголемиот син **Габриел** имал речиси три години, а помалиот **Макс** – една година.

*– Бев во Амбасадата каде што властите беа непријателски настроени кон **Џулијан**. Му се закануваа дека ќе го протераат. Имало и членови на обезбедувањето кои тајно работеле за ЦИА. Ми рекоа и да не го носам бебето таму бидејќи не е безбедно, а и на мајка ми ѝ се закануваа. Па, како да седите и да разговарате за тоа со вашите најдобри пријатели преку „Мартини"* – раскажува **Стела**.

Во меѓувреме, таа го променила и своето име за да се заштити себеси и своето семејство. Имено, **Стела Морис** порано се викала **Сара Гонзалес Девант**. Родена е во *Јоханесбург, Јужна Африка*, и живеела во *Боцвана*, *Лесото*, *Шведска* и *Шпанија* пред да оди на универзитет во *Велика Британија*. Нејзиниот татко е *Кубанец*, архитект и уметник, а мајка ѝ е Шпанка и е театарска режисерка. Кога првпат го запознала **Асанж** во 2011 година, таа била 28-годишна адвокатка. Верувала во *„Викиликс"* и во тоа дека таа непрофитна медиумска организација ја разоткрива корупцијата и воените злосторства на начин каков што дотогаш не бил виден. Како стручњак за меѓународно право, таа беше ангажирана како дел од правниот тим на **Асанж**. Официјално го променила своето име во **Стела Морис** во 2012 година. Тоа, се чини, е инспирирано од *„**Стела Марис**"* – еден од латинските називи за **Дева Марија**. Денес, вели, сите ја нарекуваат **Стела** освен нејзините родители.

Адвокатката и клиентот брзо откриле дека имаат многу заедничко. И двајцата, вели, верувале во слободата на информирање, оти биле слично воспитани.

*– Мислев дека тоа е убава случајност. Тоа не е комбинација што често се среќава. Тој беше фасцинантен од самиот почеток. Имаше многу интензивен изглед. Не прави празни муабети. А, сакаше да знае од каде сум. Денот кога го запознав, разговаравме два часа. Му кажав за мојот живот. **Џулијан** не е како никој што сум го сретнала. Тој е многу директен, привлечен, паметен, љубопитен* – рече **Стела** во една прилика. Кога по неколку години дознала дека е бремена, морале да бидат уште подискретни. Својата бременост ја криела во широка облека и со лагите дека се здебелила.

Кога го родила својот прв син, го донела и во амбасадата. **Стела** објаснува како во 2017 година *„Американците се обиделе да добијат ДНК од пелената"*, вели, за да дознаат дали **Асанж** е таткото на **Габриел**, но не успеале во тоа. Во ноември 2018 година, таа престанала да оди во Амбасадата. Била бремена со нивното второ дете и се плашела дека доколку биде откриена, тоа ќе биде искористено како повод за протерување на **Асанж** од Амбасадата. Се обидела да одржи средба по раѓањето на **Макс**, но не ѝ било дозволено да влезе во дипломатската институција. Следниот пат кога **Стела** го видела **Џулијан** – бил во затворот *„Белмарш"*, пет месеци подоцна. Тука и се венчале – во затворот.

*– Ми беше тешко како самохрана мајка, но семејството ми помогна многу* – вели **Стела**.

**Џулијан** ги гледал своите синови во затворот, а нејзината лојалност кон него, вели, е апсолутна. Прашана, дали го гледа **Асанж** во нивните синови, **Стела** вели:

*– О, да. Тие се тврдоглави. Со силна волја. Но, претпоставувам дека тоа веројатно важи и за мене. Да, го гледам многу во нив.*

Пред ослободувањето, **Стела** не им кажала на децата дека нивниот татко ќе биде ослободен. Како што вели – *никој нема да може да ги спречи пет и седумгодишното момче да викаат со полни бели дробови, кога ќе дознаат за тоа.*

## Половина милион долари за летот до Австралија

Договорот на **Џулијан Асанж** (52), со кој ја призна вината го означува крајот на правната сага во која тој помина повеќе од пет години во британски затвор и уште седум во еквадорската амбасада во *Лондон*, откако *Викиликс* објави доверливи американски документи.

**Асанж** сега ќе треба да плати за чартер летот од *Лондон* до *Саипан*, а потоа и до *Канбера*, што ќе го чини половина милион долари, па веќе започна кампањата за собирање средства. Сопругата **Стела Асанж**, која работи на неговото ослободување речиси од почетокот на неговата правна битка, рече дека е среќна поради тоа, но и лута што тој толку долго беше во затвор. Тие се венчаа додека тој беше во затворот *Белмарш* во *Лондон* и добија две деца додека тој се криеше во амбасадата на *Еквадор* во *Лондон*.

**СКОПСКО БАТИНЦИ:**

# Изрешетан џип во кој биле двајца браќа, едниот починал на самото место



На 1 јули во 09:25 часот во *СВР Скопје* е пријавено дека во Батинци (село на неколку километри од *Драчево* ама припаѓа во општина *Студеничани*), две лица со патничко возило „мерцедес" од автоматско оружје пукале кон патничко возило „форд" во кое биле браќата **А.Б.И.**(34) и **З.И.**(31), двајцата од с. *Црн Врв*.

На местото на настанот починал **А.Б.И.**, а **З.И.** се здобил со прострелни рани во десното рамо и е пренесен за укажување лекарска помош во Ургентен центар-*Скопје*. Како што можеше да се види на телевизиските снимки теренец „форд" со италијански ознаки стои изрешетан на улица, додека хеликоптер го надлетува селото Батинци, а специјалците го обезбедува местото каде утринава се случи вооружениот напад со автоматско оружје. Жители на Батинци тврдат дека вечерта меѓу 1 и 2 часот слушнале истрели од оружје во селото и не исклучуваат поврзаност со конкретниот инцидент. Според некои сведоци двајцата жители на Црн Врв додека се возеле биле пресретнати во тесната улица од „мерцедес" со германски национални таблички а во кое имало две лица во балаклави. Тие во рацете имале огнено автоматско оружје по што отвориле оган кон џипот „форд".

Претпоставката е дека напаѓачите потоа најверојатно побегнале кон селото *Драчевица*. Во 2020 година пукање меѓу повратник од Италија имаше во чајџилница во село *Црн Врв*. Тогаш, едно лице беше убиено, а три тешко повредени. Група од неколкумина од село *Батинци*, предводена од повратник од *Италија* кој од поодамна и беше познат на полицијата нападна друга група која седела во чајџилницата.

Засега нема информации дали овие два настана се поврзани.



**РОДИЛКАТА ОД ДЕБАР:**

# Пред четири години ме оставија без органи, а правдата сѐ уште ја чекам

Судско рочиште за родилката од *Дебар*, **Јилдиз Веапоска**, која по породувањето остана без три органи, деновиве пак беше одложено оти сѐ уште во Струшкиот суд не стигнало супервештачењето кое го прават вешти лица од високообразовни и високонаучни институции, откако оние на Обвинителството и одбраната беа со спротивставени мислења.

*- Јас ја барам само вистината. Многу долго време одам во Струшкиот суд, многу долго сум во очекување да ја добијам правдата, но таа никако да стигне,* вели веќе очајната **Веапоска**.

По повеќе од две години низ судските лавиринти и тројца судии кои го водеа судскиот процес, **Веапоска** страхува дека постапката може повторно да се врати на почеток, оти последниот судија, **Јордан Јованов** од *Скопје*, е делегиран до 5 септември.

*- Тоа ќе биде катастрофа. Толку исчекување правда е многу долг период. И психички и физички и финансиски сум исцрпена. Колку бебиња треба да умрат, колку родилки треба да умрат или да останат како мене половина човек за да се дојде до правдата? Колку години му треба на судот да донесе одлука? Четири години поминаа откако настана мојот случај и уште чекам правда,* вели родилката од *Дебар*. **Веапоска** при породувањето во 2020 остана без буబрег, матка и јајник. Обвинителството гони за лекарска грешка тројца лекари од Струшката болница: првообвинетиот **Мухамед Асани** како лекар-специјалист гинеколог акушер, второобвинетиот **Блертон Асани** како лекар-специјализант по гинекологија и акушерство и третообвинетата **Лилјана Јованоска** како лекар-гинеколог акушер. Тие, според обвинението, при укажување лекарска помош примениле очигледно неподобно средство и начин на лекување, со што предизвикале влошување на здравствената состојба на родилката од *Дебар*, поради што таа остана без три органи. Обвинителството ги гони за тешки дела против здравјето на луѓето.

## Четиринаесетгодишно момче почина откако врз него падна бојлер додека се туширал

Трагедија се случила во *Маврови Анови*, за која **Д.Ѓ.** (55) пријавила во полициско одделение *Маврово* - дека нејзиниот малолетен син починал откако врз него паднал бојлер додека се туширал. Неофицијално се работи за 14-годишно момче. *„Според пријавата, малолетникот се здобил со повреди и починал, откако врз него паднал бојлер во куќата во населбата Маврови Анови"*, информираа од *СВР Тетово*. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од *ОВР Гостивар*.

# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Даночни олеснувања за новата финансиска година



**Џим Чалмерс** повторно говореше за новиот лабуристички пакет на даночни олеснувања, објавувајќи ја најновата анализа која покажува дека семејствата може да очекуваат заштеда од даночни олеснувања поголема од $3.000 во текот на претстојнава финансиска година.

Оваа вест е објавена во момент кога **Питер Датон**, лидер на опозицијата, во саботата ги засили нападите врз лабуристите, обвинувајќи ја владата за *„неуспех во управување со економијата"*, а поради загриженоста на Централната банка и економските експерти дека големите буџетски трошоци можат да го направат токму спротивното од мерките за инфлацијата со кои настојуваат да ги потиснат актуелните ценовни притисоци.

Новата анализа на Државната ризница објавена осум дена по воведувањето на новите даночни олеснувања, го открива очекувањето домаќинствата со деца да заштедат $3.268 оваа финансиска година, односно $63 неделно. Се очекува домаќинствата без деца да добиваат помали олеснувања, кај кои Државата благајна пресметува олеснувања во вредност од $1.716 годишно, односно $33 неделно.

**Чалмерс** изјави, семејствата и оние што живеат како средна класа во *Австралија* особено ќе имаат корист од пакетот даночни олеснувања, кој ќе се спроведува во три фази, а кој беше најавен во јануари. *„Наш приоритет е борбата против инфлацијата и намалувањето на трошоците за живот. Со нашиот економски план, сакаме да им помогнеме на граѓаните на Австралија да заработат повеќе и да задржат повеќе од своите плати, затоа сме насочени кон силен и одржлив раст на платите и даночни олеснувања кои би требало да ги намалат трошоците за живот, а кои ќе почнат да се применуваат од 1 јули"* - рече д-р **Чалмерс**.

За австралиските семејства, клучното олеснување на трошоците за живот вклучува и додаток за електрична енергија од $300 за сите домаќинства што плаќаат струја.

Но, ден претходно кога говореше пред членови на либералната партија, лидерот на опозицијата **Датон** ја критикуваше владата за *„покренување грда политика на љубомора"* воведувајќи ги своите даночни промени. *„Кризата на трошоците за живот што ја погоди нашата нација ја создадоа лабуристите"* - рече **Датон** на годишен сојузен состанок на Либералната партија во *Сиднеј*.

*„Наместо да ги намали притисоците на инфлацијата со зауздување на расипничкото трошење, владата на* ***Албанезе*** *ја зголеми портошувачката за неверојатни $315 милијарди. Австралијците од кога дојде на власт Албанезе плаќаат 20 отсто поголем персонален данок од минатите избори"* - рече тој, и како што се зголемуваат платите поради притисокот на инфлацијата автоматски се зголемуваат оданочливите приходи на работниците.

Главниот економски експерт на *AMP*, **Шејн Оливер**, вели иако олеснувањата кои имаат за цел да ги намалат трошоците за живот ќе бидат потенцијално популарни кај гласачите, одлуките на владата *„ја отежнуваат работата*

**продолжува на стр. 12**

### НАМАЛУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ОД $354 ДО $4.529

| Годишна заработка | Олеснување според новиот данок |
|---|---|
| $30.000 | $354 |
| $40.000 | $654 |
| $60.000 | $1.179 |
| $80.000 | $1.679 |
| $100.000 | $2.179 |
| $120.000 | $2.679 |
| $140.000 | $3.729 |
| $160.000 | $3.729 |
| $180.000 | $3.729 |
| $200.000 | $4.529 |
| $250.000 | $4.529 |

*Во пресметката не е вклучен данокот кој се плаќа за Медикер

Austral aluminiumproducts
Commercial Available


Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.
Ph.: (03) 9357 4177
Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)
www.australw.com.au

**продолжение од стр. 11**

*на централната банка"* која на крај ќе го одложи намалувањето на каматите за станбените кредити *„Ова е уште еден потсетник зошто одговорноста за намалување на инфлацијата е во рацете на централната банка, а не во рацете на политичарите. За жал, тоа значи дека ќе мораме да продолжиме да се потпираме на непрецизен инструмент со високите каматни стапки и нивните несакани последици врз различни делови на заедницата"* - рече д-р **Оливер**.

Ова мислење го делат и економските експерти од *Вестпак* кои алармираат поради зголемување на поддршката за намалување на трошоците за живот кој ќе се применува од 1 јули, наведувајќи дека и милијардите долари кредити кои ги трошат лабуристите во државните и сојузниот буџет ќе допринесат за зголемување на инфлацијата.

*„Прашањето не е дали фискалните околности се помалку рестриктивни и приспособливи, тие се секако приспособливи. Растот на фискалниот импулс ќе биде дополнителна поддршка, но и ќе го зголеми и инфлацискиот ризик, особено во областите каде веќе постојат ограничувања на капацитетите, на пример во градежниот сектор. Ако продолжи постојаниот притисок на цените, тоа може да го зголеми ризикот од зголемување инфлацијата а не олеснување преку даночните стапки"* - рече **Пат Бустаманте** постар експерт на *Вестпак*.

Претставници на централната банка во вторникот укажаа дека постои се поголема загриженост дека зголемувањето на буџетска потрошувачка една година пред изборите ќе донесе ризик од зголемување на побарувачката и поткопување на монетарната политика.

*„Неодамнешните буџетски исходи, исто така, би можеле да влијаат на побарувачката, иако сојузните и државните попусти на енергијата привремено ја намалуваат инфлацијата"* - се вели во соопштението на Централната банка по состанокот во јуни.

Со пакетот на даночни олеснувања кој го обезбедија лабуристите, домаќинствата ќе имаат корист и од $300 попуст за енергија во текот на следната финансиска година, со што сметките за струја ќе се намалат за $75 во септемврискиот квартал. Кон оваа мерка треба да се додадат и дополнителни попусти за електрична енергија во одредени држави, вклучувајќи ги *Квинсленд* и *Западна Австралија*. По интервенцијата на сојузната влада во случајот со минималната национална плата, 2.6 милиони граѓани со минимални приходи и оние кои добиваат награди за својата работа ќе доведе до зголемување на платите за 3.75 отсто од 1 јули, што е зголемување од најмалку $33.10 неделно. Истражувањето на *Националната австралиска банка (НАБ)* покажува, речиси секој Австралиец ги намалува своите трошоци, без разлика дали се работи за забава или дури и за основните животни потреби како храната, кога станува збор за оние кои имаат ниски примања.

### НАЈСЛАБ РАСТ ВО ИЗМИНАТИВЕ ТРИЕСЕТ ГОДИНИ:

# Како рецесија, се троши само на основни работи

Австралијците имаат најголем пад на реалниот, расположлив приход на домаќинствата од која било напредна земја во светот. Податоците на *Австралиското биро за статистика (АБС)* покажуваат раст од 0.2 осто на австралиската економија во последните три месеци од 2023 година.

Со вкупен годишен раст од само 1.5 отсто, 2023 година се смета за најслаба економска година во последните неколку децении.

Иако бруто домашниот производ (БДП) растеше во изминатите девет месеци, според **Тони Сикамор**, аналитичар на пазарот во ING, ова е навистина екстремно слаб раст имајќи предвид дека нормалниот *БДП*, во последните неколку децении, изнесува речиси три отсто.

Според **Стивен Смит**, партнерот во *Deloitte*, ова е најбавната годишна стапка на предвидениот раст од рецесијата во 1990-те, доколку се исклучат пандемијата и воведувањето на данокот на стоки и услуги.

Резултатите се уште полоши кога ќе се земат предвид високите стапки на раст на населението во *Австралија* во споредба со поголемиот дел од развиениот свет.

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*







# Приштина измислува дека Срби се спремаат за напад на Косово




Претседателот на косовското собрание **Глаук Коњуфца** изјави дека косовските институции имаат информации дека стотици луѓе во *Србија* вежбаат и се спремаат за можен напад на *Косово*. Неговите зборови ги потврди и заменик претседателот на парламентарниот Одбор за безбедност **Енвер Дуголи**.

*„Загрижува што сето тоа се случува на територијата на Србија, пред очите на светот и меѓународните посредници, а сè уште нема сериозно предупредување кон Србија"*, кажа **Дуголи** за време на гостувањето на телевизијата *Дукаѓини*. Истакна дека групи луѓе во *Србија* тренираат на воени полигони.

*„Во Србија, на воени полигони на Жандармеријата, тие ја користат инфраструктурата на српската држава за тие групи да се подготвуваат и обучуваат. Тоа не го кажуваме само ние, тоа може да го потврдат и различни разузнавачки служби на пријателски земји"*, кажа **Дуголи** без да даде доказ за своите тврдења.

*„Тоа не е никаква политичка реторика, тоа е наод заснован на информации кои Косово ги поседува, но не треба да се крева паника. Мирот и стабилноста мора да се одржат"*, истакна **Дуголи**.

Протекторатот *Косово* инаку е миленичe на *САД* и постојано измислува проблеми, а нивната територија е септичка јама и извор на криминал и нестабилност во регионот.



# Јапонци развиваат робот-таксист

На Универзитетот во *Токио* е создаден интересен проект за автономно возење, кој не се потпира на автоматиката вградена во возилото, туку на возачот. **Кенто Кавахаразука**, доцент по механо-информатика, и неговиот тим го развија првиот прототип на хуманоиден робот за кој веруваат дека во иднина би можел да служи како робот-возач. Според виденото, роботот по име **Мусаши** може да комуницира со педалите и воланот на автомобилот и да ги извршува основните дејства својствени за возењето. Камерите во неговите очи се основните влезни единици. Тој има вградени сензори за притисок во рацете и стапалата, а пред се тука е системот за вештачка интелигенција како „мозок" на операцијата. Тоа му овозможува на роботот да ја следи сообраќајната ситуација, да реагира на тоа и да го вози автомобилот автономно. Во оваа фаза од развојот роботот-возач може да вози право со брзина до 5 km/h, под ограничени и контролирани услови, да врти и генерално да ги извршува своите задачи многу бавно во специјално дизајнирано возило. Меѓутоа, со напредокот на технологијата, неговите способности треба брзо да растат и да станат споредливи со човечките, смета **Кавахаразука**, признавајќи дека ова е амбициозен проект за иднина.

ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### КАТАСТРОФАЛЕН НАСТАП НА БАЈДЕН НА ДУЕЛОТ СО ТРАМП:

# Повици Бајден да се откаже од претседателската трка



Уредничкиот колегиум на *„Њујорк тајмс“* го повика претседателот **Џо Бајден** да се откаже од учество на претседателските избори против **Доналд Трамп**, наведувајќи го лошиот настап на демократот во дебатата.

*„Претседателот се појави во четвртокот навечер како сенка на голем јавен службеник“*, се вели во коментарот на *„Тајмс“*. *„Тој се мачеше да објасни што ќе постигне во вториот мандат. Тој се мачеше да одговори на провокациите на* ***Трамп*** *и да стигне до крајот на реченицата.* ***Бајден*** *рече дека тој е кандидатот со најголеми шанси да се спротистави на оваа закана од тиранија и да ја победи. Неговиот аргумент главно се потпира на фактот дека тој го победи* ***Трамп*** *во 2020 година“*, се вели во коментарот. *„Тоа веќе не е доволно образложение зошто* ***Бајден*** *треба да биде демократски кандидат оваа година“*. Неверојатниот уреднички коментар излезе еден ден откако **Бајден** имаше несмасен настап во неговата прва дебата против **Трамп** во трката за Белата куќа во ноември.

*„Треба да се запомни дека* ***Бајден*** *го предизвика* ***Трамп*** *на овој вербален дуел“*, се вели во коментарот. *„Тој ги постави правилата и инсистираше на датум неколку месеци порано од која било претходна дебата за општи избори. Тој сфати дека треба да одговори на долгогодишната загриженост на јавноста за неговата ментална острина и дека треба да го стори тоа што е можно поскоро. Вистината со која* ***Бајден*** *треба да се соочи сега е дека тој падна на сопствениот тест“*.

Уредничкиот коментар излезе во време кога голем број демократи и собирачи на средства размислуваат да се заложат за **Бајден** да се повлече од претседателската трка. Уредничкиот колегиум на „Тајмс“ со децении е водечки уреднички глас на либералните весници во САД.

**Бајден**, од своја страна, не покажа никакви индикации дека размислува да излезе од трката. Осврнувајќи се на неговиот проблематичен дебатен настап, **Бајден** ги удвои критиките за **Трамп** во говорот за *Северна Каролина* и во објавите на социјалните мрежи.

*„Не одам лесно како порано. Не зборувам глатко како порано. Не дебатирам толку добро како порано“*, рече **Бајден** на предизборниот настан. *„Но, знам како да ја кажам вистината. Знам што е добро, а што погрешно и знам како да ја работам оваа работа. Знам како да ги завршам работите. Ви давам збор како Бајден дека немаше да се кандидирам повторно ако не верував со целото мое срце и душа дека можам да ја работам оваа работа, бидејќи искрено кажано, влогот е превисок“*. Дури и заменичката на **Бајден**, **Камала Харис**, по дебатата призна: *„Тоа беше трнлив почеток, тоа е очигледно за сите“*. *Но, крајот бил силен, оцени таа пред камерите. Ваквата оценка не е толку очигледна за многу гледачи. Во првата анкета на Си-Ен-Ен,* ***Трамп*** *е јасен победник, со голема разлика. Дури и политичките коментатори кои обично се симпатизери на* ***Бајден*** *изразуваат ужас од настапот на Претседателот, зборуваат за понижување и катастрофа во изборната кампања. „Ќе има дискусии за тоа дали тој ќе продолжи“*, вели на пример **Дејвид Акселрод**, главен стратег на поранешниот претседател **Барак Обама**. Зад затворени врати, Демократите веднаш по дебатата зборуваат токму за ова - всушност незамисливо - прашање: дали нивниот кандидат е толку слаб што мора да најдат алтернативен кандидат на четири месеци до изборите. *„Тешко е да се аргументира дека* ***Бајден*** *треба да биде наш кандидат“*, цитира *Си-Ен-Ен* неименуван партиски претставник. Други зборуваат за чиста „паника“ во партијата. Замената на демократскиот кандидат за претседател во овој момент од изборниот циклус не само што би била политички ризична за партијата, туку е и многу тешко. Единствениот веројатен начин партијата да го замени **Бајден** би бил тој доброволно да се откаже од трката.




## Одложено изрекувањето на пресудата на Трамп во случајот со поткупувањето на порно глумицата



Врховниот суд на *САД* пресуди дека поранешниот американски претседател **Трамп** има имунитет од кривичен прогон за одделни дејства кои ги презел во текот на мандатот за да ги поништи резултатите од претседателските избори во 2020 година.

Судот пресуди дека поранешните претседатели се заштитени од кривичен прогон за дејства кои ги преземаат во рамки на своите уставни овластувања, за разлика од дејствата преземени *„во приватен капацитет“*.

Изрекувањето на пресудата претходно беше закажано за 11 јули пред почетокот на републиканската национална конвенција која почнува во *Милвоки* на 15 јули. Се очекува **Трамп** да ја добие партиската номинација за да го предизвика демократскиот претседател **Џо Бајден** на изборите на 5 ноември.

**Трамп** се соочува со тешка битка за поништување на пресудата за купување на молкот, особено бидејќи станува збор за време пред неговиот претседателски мандат.

Адвокатите на **Трамп** побараа од судијата **Хуан Мерчант** да дозволи аргументирање на државниот суд на *Менхетн* дека случајот на **Трамп** треба да биде поништен поради пресудата на Врховниот суд од 1 јули.

# РЕДОВНОТО ПЕШАЧЕЊЕ МОЖЕ ДА ЈА НАМАЛИ БОЛКАТА ВО ГРБОТ



Болката во долниот дел од грбот е водечка причина за инвалидитет во светот. Се проценува дека во 2020 година од неа пателе 619 милиони луѓе во светот, а се предвидува дека до 2050 година оваа бројка ќе се зголеми на 843 милиони.

Досегашната медицинска практика и искуство покажале дека комбинацијата од вежбање и едукација спречува повторување на болките во долниот дел од грбот, меѓутоа, не сите форми на вежбање се достапни за многу луѓе, а некои не можат ниту да си ги дозволат. Новото истражување имало за цел да утврди дали индивидуализираната програма за пешачење и 6 едукативни сесии водени од физиотерапевт во текот на 6 месеци би можеле се покажат како ефикасна интервенција.

Во испитувањето учествувале 701 возрасен човек кои штотуку се опоравиле од епизода на болка во долниот дел од грбот. Тие по случаен избор биле распределени во интервентната група или во контролната група, по што нивната состојба биле следена од истражувачите во период од 1 и 3 години.

„Интервентната група имаше помалку појави на болка што ја ограничува активноста во споредба со контролната група и подолг просечен период пред да се случи рецидив, во просек 208 дена наспроти 112 дена“, вели Марк Хенкок, професор по физиотерапија во Универзитетот Маквори во Австралија и виш автор на трудот објавен во Ланесет.

„Пешачењето е евтина, широко достапна и едноставна вежба во која може да се вклучи речиси секој, без оглед на географската локација, возраста или социоекономскиот статус. Не знаеме точно зошто одењето е толку добро за спречување на болки во грбот, но мошне веројатно тоа се должи на комбинацијата од благи осцилаторни движења, оптоварување и зајакнување на структурите и мускулите на 'рбетот, релаксацијата и ослободувањето од стресот и лачењето на “позитивни” ендорфини", вели тој. „И, се разбира, исто така знаеме дека пешачењето нуди и многу други здравствени придобивки, вклучувајќи кардиоваскуларно здравје, одржување на густината на коските, здрава тежина и подобрено ментално здравје“.

Водечкиот автор д-р Наташа Покови од Универзитетот Маквори вели дека, покрај тоа што на учесниците им обезбедува подолг временски период без болка, програмата била мошне исплатлива.

„Тоа не само што го подобри квалитетот на животот на луѓето, туку ја намали и нивната потреба од користење на здравствена услуги но и времето поминато на боледување, приближно за половина“, вели Покови.

„Интервенциите за спречување на болки во грбот засновани на вежбање, кои биле истражувани претходно, обично се базирани на група и бараат внимателен клинички надзор и скапа опрема, така што тие се многу помалку достапни за поголемиот дел од пациентите. Нашата студија покажа дека ова ефективно и достапно средство за вежбање има потенцијал успешно да се спроведе во многу поголем обем од другите форми на вежбање”, вели таа.

## АНКЕТА

Трпана ја застанале на улица да одговори на анкета:




– Добар ден Госпоѓо, дали сте мажена?

– Да.

– Според Вас, што е најважно во бракот?

– Дефинитивно вниманието…

– А зошто вниманието?

– Па морам да внимавам да не ме фати маж ми!

## ГРД

Малиот Трпе ја прашува мајка си:

– Мамо, јас грд ли сум?

– Не ме викај мамо пред луѓе…

## ЦАРИНА

На царина:

– Што имаш во вреќата?

– Храна за канаринци.

– Дај да видам?

– Абе ова се рачни часовници!

– Ако ги јадат арно, ако не ќе ги продадам…

## ТЕМПЕРАТУРАТА ВО БИТОЛА

Прилепчанец се јавува кај братучедот во Битола.

– Шопрајте бе?

– Арно бе муце.

– Море, колку е температурата во Битола?

– Чекај да видам… –20.

– А овде на телевизија кажаја дека било –40.

– А бе то надвор можи. Јас за внатре ти кажвам дека е –20.

## КАЗНА

Го застанала полиција Трпе и му се обраќа:

– Господине, возачка немате, прва помош немате, појас немате… Кажете што имате?

– Имам 100 долари.

– Па така кажете, човек треба со клешти да ви ги вади од џебот…

## ЉУБОВ

Разговараат Цвета и Трпана:

– Трпано, ти за „прв“ пат тоа го направи од љубов или за пари?

– Од љубов секако, 50 долари пари ли се?

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1821 Year 37 • Tuesday, 2 July 2024 • Price $4.00 inc GST


Патувајте во Македонија и секаде во светот

A AVIO TRAVEL

335 High St Preston

03/ 9471 4556

03/ 9471 4559

mobile 0401 686 970


ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА ВО НОВАТА ФИНАНСИСКА ГОДИНА

ЦЕНТРАЛНАТА БАНКА ЗАГРИЖЕНА ОД ИНФЛАЦИЈАТА:

МОЖНО Е НОВО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАМАТИТЕ

ПОСЛЕ 14-ГОДИШНАТА ПРАВНА САГА ОСЛОБОДЕН ЏУЛИЈАН АСАНЖ ОСНОВАЧОТ НА „ВИКИЛИКС“:

НЕГОВАТА ВИНА БЕШЕ ШТО ОБЈАВИ ДОКАЗИ ЗА ЗЛОСТОРСТВАТА НА САД

НЕКОЈ ОДИГРАЛ ЗА ПРОТИВНИЧКИОТ ТИМ:

ПОВЕЌЕ БУГАРИ ОД МАКЕДОНЦИ НА ПОПИСОТ ВО АЛБАНИЈА

И СЕ СОБРАЛЕ МНОГУ ПА ГО ВРАТИЛА БУГАРСКОТО

ЗАБЕЛЕШКИ ЗА НОВАТА ИНВЕСТИЦИЈА:

ПРОДАВАМЕ ВЕТЕР, КУПУВАМЕ МАГЛА

МИЦКОСКИ ПРИЈАВИ ДВА СКАПИ РАЧНИ ЧАСОВНИКА,

АПАСИЕВ СПОРЕДИ ДЕКА ЧИНАТ КОЛКУ И НЕГОВИОТ СТАН

МИНИСТЕРКАТА БОЖИНОВСКА КОЛЕКЦИОНЕР НА ДРЖАВЈАНСТВА


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Струга промовира репрезентативно засилување!



Македонскиот шампион Струга Трим Лъум се подготвува за настап во квалификациите за Лигата на шампионите. За таа цел стружани промовираа уште едно големо засилување.

Струга се пофали со потписот на Стефан Спировски, 33-годишниот повремен репрезентативец на Македонија и искусен играч за врска.

По пауза од седум години тој пак ќе заигра во мак-фудбалот по бројни интернационални ангажмани. Стефан Спировски во Македонија тргна преку Пелистер, а играше и за Работнички и Вардар. Надвор од границите на земјава имаше авантури во Борац Чачак и Бероe, а во 2017 година од Вардар за половина милион евра се пресели во Ференцварош. Спировски во Унгарија го играше најдобриот фудбал и се задржа две години, пред да се пресели во Хапоел Тел Авив. Следеше авантура во АЕК Ларнака, па Мариупол, МТК Будимпешта, Пјуник и минатата сезона ја мина на Кипар играјќи за Етникос.

Во својата кариера Спировски има и 55 настапи за репрезентацијата на Македонија, со што е 17. играч по бројот на одиграни натпревари во националниот дрес. Сепак, последниот натпревар за Македонија тој го одигра во 2022 година, а иако оттогаш нема настапи сепак се нема официјално повлечено од репрезентацијата.

Инаку шампионот досега сериозно го засили составот, бидејќи пред Спировски ги доведе Кире Ристевски, Арби Воша, го врати Стефан Јевтовски во мак-фудбалот, а потпиша и со Дујмовиќ и Такахара кој дојде од Гостивар.

# Најдобриот молдавски клуб го донесе Стефан Деспотовски



Капитенот на младинската репрезентација на Македонија, Стефан Деспотовски, има нов клуб и кариерата ќе ја продолжи во Молдавија каде ќе го носи дресот на Шериф Тираспол.

Најдобриот молдавски клуб го носи Деспотовски како слободен, откако претходно му заврши договорот со екипата на Работнички. Шериф и македонскиот фудбалер потпишаа договор за соработка на две години.

- Пресреќен што ќе бидам дел од голем и сериозен клуб кој што е најдобар во Молдавија и во минатото има настапувано во групната фаза во Лигата на шампионите. Голема благодарност до сите оние кои што се заслужни за овој трансфер, пред се до мојот агент Александар Бајевски и до мојот досегашен клуб Работнички на кого му се заблагодарувам за изминатиот период и за соработката, изјави Деспотовски

# Џибрил Дианеси ново крило на Брера!

Брера Струмица го комплетира и официјализира трансферот на Џибрил Дианеси. Станува збор за 28-годишен фудбалер кој ја покрива десната крилна позиција од теренот.

Дианиси доаѓа во Македонија по настапите за Ла Лувиер во втората лига на Белгија. На презентацијата во Струмица фудбалерот беше дочекан од претседателот на клубот Горан Пандев кој е задоволен од првата летна аквизиција.




- Долго преговаравме со овој играч бидејќи сакавме да го донесеме во нашите редови. Ова засилување ги покажува нашите амбиции за наредната сезона и дека во наредниот период нашиот клуб ќе ангажира засилувања од истиот калибар. Во прашање е играч кој може да покрива повеќе позиции во нападот и очекуваме многу во следната сезона, кажа за првото засилување на Брера претседателот Горан Пандев.

Џибрил Дианеси потекнува од Мали и во својата кариера тргна преку младинските категории на Тулуз. Потоа замина во Фортуна Ситард каде што мина најдолг период, а беше дел и од Мастрихт, Пау и естонски Калју.

# УЕФА половина од казните за гревовите на ЕП ги наплати од Балканците!






Челниците на Европската фудбалска федерација (УЕФА) тренираа строгост за време на ЕП 2024 во Германија, откако само за средбите од групната фаза ги казнија селекциите учеснички со вкупно 1,3 милиони евра.

Најмногу на удар беа репрезентациите од Балканскиот Полуостров, на кои отпаднаа дури половина од овие санкции, а сите поради однесувањето на нивните навивачи. Најголем удар по касата доби Хрватска, која поради гревовите на своите фанови ќе мора да плати 221.000 евра, а веднаш зад неа се Србија и Албанија, кои се казнети со 171.000 односно 166.500 евра. На четврто место е Турција, која поради испадите на навивачите е санкционирана со 95.000 евра.

Само три од вкупно 24 репрезентации кои настапуваат на ЕП не добија казна од УЕФА по средбите од групната фаза и тоа Франција, Шпанија и Словачка. Единствени што се казнети за нешто друго освен за проблемите со навивачите се Германците, кои мора да платат 23.000 евра поради пропустите во организацијата како домаќини.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 14 КОЛО

# Бејсвотер Сити – Стирлинг Македонија 1:4



Од самиот почеток Стирлинг Македонија започна цврсто и ја одржуваше контролата на теренот во текот на целиот натпревар, постигнувајќи висока победа од 4:1 против домаќинот Бејсвотер Сити. Во првото полувреме Киаран Бурн постигна голови во 9 и 22 минута за водство од 0:2.

Во вториот дел Луси Хадфилд ја затресе мрежата во 70 и 88 минута. Единствениот гол за домаќинот го постигна Камерон Тис во 87 минута за конечните 1:4.

Ова е втора голема победа за две недели, истакнувајќи ја постојаноста на фудбалерите и тимската работа со новиот тренер Аго Мујиќ.

Во сабота, на 6 јули, Стирлинг Македонија ја пречекува екипата на Инглвуд со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 32 |
| Перт Ред Стар | 32 |
| Фриментл Сити | 28 |
| Стирлинг Македонија | 24 |
| Бејсвотер Сити | 20 |
| Вестерн Најтс | 19 |
| Армадел | 17 |
| Флореат Атена | 14 |
| Балката | 14 |
| Перт | 12 |
| Перт Глори | 12 |
| Инглвуд | 7 |

### ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 20 КОЛО

# Престон Македонија – Истерн Лајонс 0:2

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 42 |
| Норткот Сити | 38 |
| Престон Македонија | 38 |
| Вестерн Јунајтед | 37 |
| Лангварин | 31 |
| Булин Лајонс | 29 |
| Мелбурн Сити | 25 |
| Бентли | 25 |
| Џорџ Крос | 23 |
| Истерн Лајонс | 21 |
| Брансвик Сити | 20 |
| Кингстон Сити | 19 |
| Вереби Сити | 16 |
| Норт Џилонг | 14 |



Седмица во која изненадија повеќето екипи и имаше доста неочекувани резултати. За Престон Македонија среќа е што и Норткот Сити беше поразен од Норт Џилонг со 2:3, екипа која е последна и кандидат за испаѓање, а лидерот Мелбурн Виктори играше нерешено со Мелбурн Сити 3:3. На табелата Престон останува со изедначен број на бодови со Норткот Сити но со полоша разлика од 2 гола. На студеното време фудбалерите на сосема заслужено беа поразени од Истерн Лајонс екипа која е ахилова пета за Престон Македонија и против која досега никогаш нема забележано победа, само еднаш нерешен резултат.

Стрелец на головите беше Бен Девајн во 44 минута пред крај на првиот дел, и во 86 минута повторно се запиша како стрелец за конечните 0:2.

Во сабота, на 6 јули, Престон Македонија ја пречекува екипата на Норт Џилонг со почеток во 18 часот.

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 20 КОЛО

# Алтона Маџик Вардар – Порт Мелбурн Шаркс 1:0



Тежок натпревар за Алтона Маџик Вардар со екипа која е секогаш непредвидлива и се наоѓа меѓу шесте екипи од горниот дел на табелата. Првото полувреме беше без голови и за победничкиот погодок се чекаше до последните моменти од средбата.

Тоа беше еден ама вреден погодок за победа на Алтона Маџик, а како стрелец се запиша Бул Џуак во 88 минута за 1:0.

Подмладокот на Алтона Маџик Вардар исто така имаше успешен ден и забележа висока победа од 5:1.

Во сабота, на 6 јули, Алтона Маџик ја пречекува екипата на Авондејл со почеток во 18:15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 47 |
| Авондаел | 43 |
| Хајделберг | 38 |
| Окли Канонс | 37 |
| Хјум Сити | 37 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 30 |
| Данденонг Сити | 28 |
| Мелбурн Најтс | 26 |
| Грин Гали | 24 |
| Алтона Маџик Вардар | 24 |
| Данденонг Тандер | 22 |
| Манингам Јунајтед | 14 |
| Мореланд Сити | 10 |
| Сент Албанс | 10 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 17 КОЛО

# Њукастел Олимпик – Бродмедоу Маџик одложено

Како последица на силните врнежи натпреварот што Бродмедоу Маџик требаше да го игра в недела на теренот на Њукастел Олимпик е одложен. Иста судбина имаше и другиот неделен натпревар помеѓу Вестон Воркерс и Чарлстаун Азури кој е откажан.

Во саботата се одиграа сите закажани средби и беа забележани следните резултати: Њу Ламбтон – Кукс Хил Јунајтед 0:1; Адамстаун Розбадс – Лејк Макворi 1:1; Еџворт – Валентин 3:0 и Ламбтон – Маитланд 2:1.

Во среда Бродмедоу Маџик играше со Вестон Врокерс и забележа висока победа од 5:0.

Следниот натпревар за Бродмедоу Маџик е одложената средба од 15 коло и гостува кај Еџворт в среда, на 3 јули, со почеток во 20 часот.



НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 22 КОЛО

# Рокдаел Илинден – Хилс Јунајтед 5:0



Рокдаел Илинден продолжува со својата неверојатна сезона, далеку отскокнувајќи од останатите екипи со убедлива победа од 5:0 над Хилс Јунајтед.

Резултатот го отвори Хантер Елиот во 15 минута за водство од 1:0. После тоа беше шоу на Алек Урошевски кој ја тресеше мрежата трипати во 19`, 32` и 54 минута. Додека конечниот резултат го постави Локлан Констабл во 74 минута за 5:0.

Помошниот тренер на Илинден, Ник Ставролакис, беше воодушевен од резултатот, бидејќи Рокдаел сега створи разлика од девет поени на врвот на табелата.

Добар беше и настапот на дебитантите Николас Сорас и Со Катаока. Се чувствува дека се вклопуваат навистина добро, особено Николас Сорас во нападот.

Во сабота, на 6 јули, Рокдаел Илинден гостува кај НЈВ Спирит со почеток во 17:30 часот.

| ТАБЕЛА | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 53 |
| Маркони | 44 |
| АПИА Лејкард | 43 |
| Сиднеј Јунајтед | 40 |
| Блектаун Сити | 38 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 37 |
| Волонгонг Вулвс | 36 |
| Сент Џорџ Сити | 36 |
| Сиднеј Олимпик | 29 |
| Манли Јунајтед | 26 |
| НЈВ Спирит | 24 |
| Сент Џорџ Саинтс | 22 |
| Сатерланд Шаркс | 18 |
| Хилс Јунајтед | 18 |
| Сиднеј | 18 |
| Централ Кост Маринерс | 15 |



ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 22 КОЛО

# Сиднеј Македонија – Данбар Роверс 5:0

Убедлива победа забележа Сиднеј Македонија на Џенсен парк над Данбар Роверс кој е веќе сигурен кандидат за испаѓање од лигата. Во првото полувреме беше постигнат само еден гол, во 27 минута од Крис Пајн за 1:0. Но во вториот дел мрежата на гостите постојано се тресеше: Мабио Гаранг 62`, Рет Десилва 66`, Џиани Константино 71` (автогол) и повторно Гаранг во 85 минута за 5:0.

Во сабота, на 6 јули, Сиднеј Македонија гостува кај Дулвич Хил со почеток во 19 часот.

| ТАБЕЛА | |
|---|---|
| Маунт Друит | 52 |
| Булс Академи | 52 |
| Хакоа Сиднеј | 45 |
| Сиднеј Македонија | 39 |
| Блектаун Спартанс | 39 |
| СД Раидерс | 32 |
| НЈВ Универзитет | 31 |
| Нордерн Тајгерс | 29 |
| Кантербери Бенкстаун | 29 |
| Интер Лајонс | 28 |
| Бонириг Вајт Иглс | 25 |
| Ридалмер Лајонс | 20 |
| Макартур Рамс | 19 |
| Дулвич Хил | 16 |
| Непеан | 12 |
| Данбар Роверс | 9 |




# Познати сите четвртфиналисти на ЕУРО 2024

Познати се сите четвртфиналисти на ЕУРО 2024. Тие се: Германија, Шпанија, Португалија, Франција, Швајцарија, Англија, Холандија и Турција.

Швајцарците го елиминираа бранителот на титулата Италија (2:0), а Германците го добија дуелот со Данците (2:0).

Англичаните беа блиску до елиминација, но по продолжението ја елиминираа Словачка (2:1). Шпанците беа убедливи против Грузија (4:1).

ВФранцузите ги победија Белгијците (1:0), а потоа Португалците ги елиминираа Словенците по вистинска драма и изведување пенали (3:0).

На крајот Холандија убедливо ја совлада Романија (3:0) а Турција направи изненадување елиминирајќи ја Австрија (2:1).

# Холандски одбојкар кој бил в затвор за силување 12-годишно девојче ќе игра на Олимписките игри во Париз



Шефовите на холандската одбојка ја бранат одлуката што во олимпискиот тим за Париз вклучија играч кој бил осуден за силување дете.

Стивен фан де Фелде е обвинет во 2014 за силување на 12-годишно британско девојче кое го запознал преку интернет. Тогаш тој имал 19 години. Уапсен е во Холандија две години потоа, во 2016 и екстрадиран во Велика Британија, каде што е осуден. Потоа е вратен во Холандија за да ја отслужи затворската казна, но таа е прилагодена според холандските закони и намалена на само 1 година по што бил ослободен во 2017.

„Фан де Фелде докажа дека е примерен професионалец и човек и нема причина да се сомневаме во него. Тој ја има нашата полна поддршка. Откако беше ослободен, тој побара професионална помош", соопшти Холандската одбојкарска федерација.

Олимпискиот комитет на Холандија кажа дека Фелде ги исполнил сите квалификациски услови за настап на ОИ во Париз, каде што ќе се натпреварува во одбојка на песок.

„Разбирам дека во пресрет на најголемиот спортски настан во светот ова може да го привлече вниманието на меѓународните медиуми. Не можам да го поништам она што го сторив и ќе морам да се носам со последиците. Тоа беше најголемата грешка во мојот живот", се огласи и Фелде.

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970



A AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО ☞ УДОБНО ☞ СИГУРНО ☞ ВЕ ОЧЕКУВАМЕ ☞ НЕ ЧЕКАЈТЕ,
ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
ISSN 1442-195X

# СПОРТ

**ПРВА ДРЖАВНА ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 13 КОЛО**

# ЏИЛОНГ МАКЕДОНИЈА – СИДНАМ ПАРК МАКЕДОНИЈА 2:1



Минатава сабота се одигра големото македонско дерби во Првата државна лига на Викторија. Домаќинот Џилонг Македонија направи вистински пресврт во второто полувреме и заслужено славеше победа над Сиднам Парк Македонија.

Во првото полувреме гостите преку Рис Саундерс дојдоа до водство и успешно го чуваа до одморот.

Второто полувреме започна со иницијатива на домаќинот и прво Алекс Стојановски во 59 минута изедначи на 1:1. Додека победоносниот гол за Џилонг го постигна Бруно Гервасони во 75 минута за конечните 2:1.

Во сабота, на 6 јули, Џилонг Македонија гостува кај Стратмор со почеток во 15 часот. Истиот ден Сиднам Парк Македонија ја пречекува екипата на Јаравил со почеток во 18 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Витлси Јунајтед | 28 |
| Вестгејт | 25 |
| Бримбанк Сталионс | 23 |
| Біаларат Сити | 22 |
| Џилонг Македонија | 20 |
| Сиднам Парк Македонија | 19 |
| Клифтон Хил | 17 |
| Јаравил | 14 |
| Корајо | 13 |
| Упфилд | 13 |
| Вестерн Сабрбс | 13 |
| Стратмор | 8 |

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА
НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанувација / неспособност за работа




ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ



arnold thomas & becker lawyers

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

573-577 Lonsdale Street, Melbourne VIC www.arnoldthomasbecker.com.au